## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Шеесет и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 25 јули 2007 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,24 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше претседателот на Собранието на Република Македонија господин Љубиша Георгиевски.

**Иван Инастасовски:** Дами и господа, ја отворам Шеесет и првата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Радмила Шекеринска, Тале Герамитчиоски, Љубчо Георгиевски. Арбен Џафери, Мендух Тачи, Даут Реџепи, Елмазе Селмани, Фазли Велиу, Блерим Беџети, Али Ахмети, Мери Младеновска-Ѓорѓиевска, Теута Арифи, Данаил Дончев, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснеме на едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме точниот број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 65 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети претседателот на Република Македонија, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Оваа седница ја свикам по барање на Владата на Република Македонија заради разгледување на Предлогот на одлуката за испраќање на единици на Армијата на Република Македонија, медицински тим за учество во мировна операција во Авганистан.

Предлагам Предлогот на дневниот ред на оваа седница да не се дополнува со други точки.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 65 пратеници, сите 65 гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

За денешната седница го предлагам следниот Предлог на дневен ред.

Предлог на одлука за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија - медицински тим за учество во мировна операција во Авганистан.

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 64 пратеници, сите 64 гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

**Минуваме на точка 1 - Предлог на одлука за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија - медицински тим за учество во мировна операција во Авганистан.**

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес по Предлогот на одлуката.

Има збор министерот за одбрана, повелете.

**Лазар Еленовски:** Господин претседавач, почитувани пратеници,

Сакам да ви се заблагодарам за можноста да дојде точката на дневен ред во Парламентот, вака во забрзана процедура. Инаку, станува збор за стандардна процедура, едноставно ротација на нашиот медицински тим кој неколку години е присутен во Авганистан. Значи, станува збор за медицинскиот тим кој заедно го формираме со нашите партнери од Јадранската група, со Хрватска и Албанија. Доаѓа времето за стандардната ротација, во почетокот на август треба да бидат упатени четворица припадници на Армијата на Република Македонија во Кабул, во Авганистан, во Мисијата ИСАФ и го молам Собранието да ја донесе оваа одлука.

**Иван Инастасовски:** Благодарам министре.

Има збор пратеникот Есад Рахиќ, повелете.

**Есад Рахиќ:** Почитуван потпретседателе, драги колеги пратеници, почитуван министре за одбрана, господин Еленовски.

Јас ќе гласам и сега како и до сега, како и понатаму, ќе гласам за испраќање на нашите војници во мировни сили во било која точка од земјината топка, затоа што сметаме дека така, она што го делиме истото мислење со министерот, така Македонија учествува во една хумана мисија, стабилизирање и мир во целиот свет. Меѓутоа, сакам да го замолам министерот за две работи, како член на Комисијата за безбедност и одбрана, бидејќи не е тука претседателот, да му заблагодарам за минатиот пат кога покани дел од делегацијата да ги посетиме нашите војници кои извонредно си ја вршат работата, па сакам да го замолам следното:

Бидејќи во нашиот прием во НАТО, Собранието одлучува за испаќање на војската во мировни мисии, да подготви еден извештај за тоа што во овие пет години е сработено. Мислам дека во тој дел ќе имате лесна работа, затоа што извонредни перформанси нашата војска таму. Меѓутоа, и еден друг сегмент, да видиме дали и со какви проблеми се среќаваат нашите војници таму, бидејќи пред неколку дена имаше еден напис кој беше демантиран дека леопардите отишле во партали, во мисија, за да можеме во тој дел да им кажеме и на граѓаните, даночните обврзници, како и каде се трошат нивните пари.

Втора работа, пријателски би ве замолил почитуван министре, да не правите гафови дека праќање на војници да гасат пожари, не е по НАТО стандарди.

За ваша информација, минатата година случајно бев, кога беше големиот пожар во Грција, војската на Грција, мислам уште членка на НАТО, имаше најголема улога во гаснење на пожарот. Така што можеби токму вие требаше да издадете команда на Армијата на Република Македонија да отиде на

кризните подрачја. Тоа добронамерно ви го кажувам.

**Иван Инастасовски:** Благодарам почитуван колега.

Има збор пратеникот Лазар Китановски, повелете.

**Лазар Китановски:** Иако е тоа стандардна ротација, СДСМ ќе го поддржи испраќањето на медицинската екипа и воопшто сите оние меѓународни обврски кои ги имаме превземено ќе ги поддржуваме и понатаму, сметам дека се многу битни не само во воена, туку и во политичка смисла, битни за Република Македонија. Меѓутоа, мислам дека е крајно време да се направи еден збирен извештај за сите наши досегашни учества со можна анализа за тоа кои се слабости се разбира позитивни страни од нашето досегшно учество. Впрочем тоа е и обврска на Министерството, после секоја ротација да поднесе извештај до Собранието.

За другите прашања, има многу прашања во врска со тоа Министерство, не би дискутирал денес, работи кои во последно време беа искажани од министерот, како на пример дека не е вообичаено да постојат воени единици во градовите.

Само ќе илустрирам, не сакам да отворам дебата.

Во Вашингтон на 3,5 милји од Белата куќа постои воена единица. Затоа го молам да не дава неквалификувани изјави, но за тоа би разговарале во некоја друга прилика, или за учеството во пожари итн. Сега да не го расипуваме текот на оваа седница.

Значи, во принцип даваме поддршка и секогаш Македонија ќе биде подготвена и СДСМ да даде свој придонес во антитерористичката коалиција. Благодарам.

**Иван Инастасовски:** Ви благодарам почитуван колега.

Има збор министерот за одбрана, повелете.

**Лазар Еленовски:** Благодарам.

Најпрвин, би сакал уште еднаш да искажам задоволство, бидејќи мислам дека одлуката ќе биде донесена слично како и минатиот пат и претходните пати, а тоа дека во Македонија постои цврст национален консензус за поддршка на мировните мисии на Армијата на Република Македонија, имајќи предвид дека тоа е наша стратешка определба. Ние во таа насока како наш приоритетен национален интерес, исклучително позитивен сигнал праќаме насекаде дека тоа е едно прашање за кое постои широк национален консензус и тоа е добро, би требало да го демонстрираме и да го продолжиме во таа насока.

Инаку, како Министерство за одбрана сме максимално транспарентни и во иднина ќе се обидуваме да бидеме тоа, секогаш сме биле расположени да продискутираме и на комисиите за одбрана, секогаш кога сме биле повикувани сме биле таму, или на кој било форум. Тоа ќе го правиме и понатаму.

Околу контрибуцијата на нашите мировни сили, асполутно дека постои завиден материјал. Ако постои потреба можеме итно и на комисија а понатаму и на Парламент да доставиме таква информација.

Околу другите прашања кои беа покренати, би сакал да ги повикам пратениците утре, имајќи предвид дека има пратенички прашања, да го искористат своето пратеничко право да ги поставуваат прашањата и за пожарите и за евентуалната локација на касарните.

Во рамките на краткиот одговор што сакам да го дадам за пожарите, сакам да кажам Армијата е максимално ангажирана во гаснењето на пожари, нешто сосема друго е, ако зборуваме за законската можност и законскиот систем, имајќи предвид дека е усвоен систем за кризен менанџмет пред две години, а од друга страна кога зборуваме за конкретна локација на касарните односно базите, тоа малку е пошироко прашање, поврзано и со одредена таканаречена нова структура на сили и тоа ќе го разговараме во наредниот период и Парламентот секако ќе има право да се произнесе. Меѓутоа, како воена единица, ние во секој момент имаме воени единици во рамките на центарот. Нешто друго кога се зборува за база во центарот на градот, како воена единица. Денес имате и Воена болница која е воена единица, имате и структури, Генералштаб, цел Генералштаб во рамките на Министерството за одбрана, така што едно е базата, друго е да се има воена единица во градот. Благодарам.

**Иван Инастасовски:** Има збор пратеникот Силвана Бонева. Повелете.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Чест ми е денес во името на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ да го искажам и нашиот став кој воопшто не е поразличен од другите политички партии во овој Парламент, дека ќе гласаме за испраќање на медицинскиот тим за учество во мировната единица во Авганистан.

Република Македонија има 3% од својата армија во мировни мисии во светот и на тој начин покажуваме дека придонесуваме во градењето на мирот во светот и борбата против тероризмот. Тоа е знак дека Република Македонија е подготвена да стане составен дел на НАТО алијансата. Остануваат уште политичките критериуми што останува да ги исполниме и да се гордееме со успехот кој заеднички ќе го постигнеме.

**Иван Инастасовски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Агрон Буџаку.

**Агрон Буџаку:** Благодарам почитуван потпретседателе, почитуван министер Еленовски, почитувани колеги и колешки.

Како и секогаш, парламентарната група ДУИ - ПДП силно ја поддржува, во рамките на надлежностите на Парламентот за донесување на одлука за испраќање на единици на Република

Македонија во мировни мисии во рамките на мисиите на НАТО. И овој пат јас мислам, според изјавите на претставниците на некои партии кои учествуваа сега во дискусијата, се надевам дека овој пат ќе бидеме едногласни и мислам дека не само во рамките на мировните операции и во рамките на ангажманот на земјите членки во НАТО и земји кои имаат аспирации да станат членки, или пак се во партнерство или други врски со НАТО, ние ќе продолжиме да покажуваме единствено тука во Парламентот. Меѓутоа, прашањето не е само за учеството на нашите војници во овие мисии, туку да покажеме дека ние сме, колку е можно побрзо зачленување и јас би сакал јавноста, Парламентот и Владата да работиме колку е можно повеќе во рамките на исполнување на барањата и критериумите кои НАТО ги поставил и ги бара од нас, за да се добие толку очекуваната покана за зачленување на идниот Самит во Букурешт.

Значи, во вакви прилики кога покажуваме дека, сепак кажувам имало дисонантни тонови во некои контролирани медиуми од страна на Владата за тоа дали треба да се зачлениме во НАТО и за улогата на САД итн. Јас сепак мислам парламентарните партии во Собранието, како и Владата, да не речам таканаречената влада, треба да работиме повеќе во исполнување на критериумите. За жал на една претходна седница не успеавме да постигнеме консензус, што се однесува до усвојувањето на заклучоците. Добро е, и ова ќе го повторам, што имаме консензус за учество во мировни операции за стабилизација на Авганистан. Но овој случај, меѓутоа, добро е исто така со дела и тука во Парламентот да покажеме дека си ги исполнуваме критериумите што ни ги кажа господинот Шефер во Охрид и нашето патешествие или пат кон НАТО да се отвори што е можно побрзо и со зачленувањето на Република Македонија во НАТО исто така да придонесеме за стабилноста на регионот, имајќи ја предвид одлучувачката улога што ја одиграа САД со европските сојузници и НАТО во завршувањето на војните во просторите на поранешна Југославија, улогата што ја одиграа и нивната определба за Охридскиот рамковен договор.

Уште еднаш ќе повторам дека секоја мисија во рамките на НАТО и новата улога на НАТО е поздравена и силно поддржана од страна на парламентарната група на ДУИ - ПДП.

**Иван Инастасовски:** Благодарам почитуван колега.

**Ружди Матоши:** Благодарам почитуван претседавач.

Од страна на Демократската партија на Албанците, исто така ја поздравуваме оваа одлука, но истовремено им посакуваме здравје и успех на оваа мировна мисија која ќе биде покрај единиците на НАТО во Средниот Исток.

И Парламентот и Владата и целата наша држава, или сите механизми на државата, секогаш демонстрирале поддршка во однос на мировните операции, но и овој сегашен момент кој се поддржува од сите е исто така една демонстрација дека дефинитивно Република Македонија е ориентирана во насока на НАТО и кон мисиите кои се организираат за одржување на мирот. Со тоа можеме уште еднаш да констарираме дека Република Македонија дефинитивно го трасира патот кон НАТО и кон Евроатланските вредности. Затоа во име на ДПА уште еднаш давам поддршка за испраќање на оваа мировна операција во Авганистан и потврдувам дека ДПА бескомпромисно го поддржува патот кон евроатланските вредности на Република Македонија.

**Иван Инастасовски:** Благодарам почитуван колега.

Бидејќи нема повеше пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 74 пратеници, сите 74 гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собарнието ја донесе Одлуката за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија - медицински тим за учество во мировна операција во Авганистан.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам 61-та седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши во 11,46 часот)